

# СТРАТЕГИЈА
## 2023 ▸ ▸ ▸ 2028

ХЕРА

# Вовед



ХЕРА е присутна во граѓанското општество на Република Северна Македонија над две децении. Почнувајќи од обезбедување грижа за ранливите категории граѓани, овозможување сексуално образование за младите и застапување за родово праведни политики, секојдневно се стремиме кон општество еднакво за сите. Во 2000 година се формиравме за да ја информираме јавноста за инфекцијата со ХИВ, а денес сме препознавани како професионална организација што ги заштитува и унапредува сексуалните и репродуктивните слободи и родовата еднаквост на сите граѓани.

Се гордееме што веќе 20 години повеќе од 6 000 лица годишно ги користат услугите на нашите сервиси за сексуално и репродуктивно здравје и родово засновано насилство. Се гордееме што ХЕРА беше носител на промените за либерализирање на законот за абортус во 2019 година, со кој на жените сега им се гарантира правото на абортус. Денес 15 000 луѓе што живеат на маргините немаше да можат да ги користат услугите за превенција од ХИВ и за репродуктивно здравје доколку во 2015 година не успеевме да обезбедиме државно финансирање за граѓанските организации. Се гордееме и со тоа што ХЕРА е единствената организација што нуди сеопфатно сексуално образование (ССО) во државата и е главен поборник за негово вклучување во образовниот систем.

Денес светот не е онаков каков што беше кога ХЕРА се формира. Тој брзо се менува. Како никогаш до сега сме соочени со истовремени кризи – од финансиски и здравствени до политички, кои внесуваат дополнителен социјален немир и нестабилност меѓу граѓаните. Во ваков несигурен свет најмногу страдаат жените, младите и најсиромашните.

Говорот на омраза од противниците на родот и родовата еднаквост зема сè поголем замав и уште повеќе ја храни општествената нетолеранција. Во такви околности демократијата и граѓанското општество се под закана, но исто така се загрозува и безбедноста на граѓаните што не го делат мислењето со мнозинството за важни општествени прашања и за унапредување на човековите права и слободи.

Предизвиците што ги наметнува современото време бараат промени во ХЕРА за да се одржи позицијата на лидер во стремежот за остварување на сексуалната и репродуктивната правда. Токму тоа е основата на новата стратегија, која, иако се надоврзува на претходната, дава нова и насочена енергија за постигнување на зацртаната цел: **преку силно партнерство со младите и обезбедување непрекината сеопфатна грижа од родово засновано насилство да овозможиме нашите граѓани да ги уживаат своите сексуални и репродуктивни права и слободи**. Овој пат треба да го изодиме заедно со младите, со активистите, со жените и заедниците што се обесправени и што постојано го носат товарот на предрасудите, стигмата и дискриминацијата.

И понатаму треба секојдневно и силно да им се спротивставуваме на патријархалните норми и да ги штитиме сексуалноста и родовата еднаквост како нераскинлив дел од човековите права. А оние во чии раце е политичката моќ треба да ги држиме под притисок и будно да ги следиме во создавањето политики што го унапредуваат сексуалното и репродуктивно здравје и права (СРЗП) и ги заштитуваат достоинството и граѓанските слободи.

Стратегијата 2023 – 2028 се создаваше повеќе од една година. Спроведувавме ситуациска анализа и анкета меѓу членството, организиравме тематски работилници, разговаравме и споделувавме идеи каде ја гледаме организацијата во иднина. Стратегијата е заеднички плод на многу луѓе што се вклучија во нејзиното креирање: наши членови, вработени, соработници од земјата и од меѓународни организации. За да имаме подобро утре и поправичен свет од денешниот – тоа е нашата визија, но и идна обврска.

# Клучни состојби и трендови



## КОНТРАЦЕПЦИЈА

Со стапка на користење на модерната контрацепција од само 14 %, Северна Македонија се наоѓа на дното на листата на земји во Европа. Кај Ромките оваа бројка е уште помала – само 8,6 %. Здравственото осигурување не покрива ниту едно контрацептивно средство, иако сите македонски влади ова го ветуваат уште од 2010 година. Во последните две години државниот буџет на превентивните програми за бесплатна контрацепција за ранливите жени е намален речиси за половина.

## АБОРТУС

Медикаментозниот абортус, како поедноставна процедура за прекин на бременоста во споредба со хируршкиот метод, е недоволно достапен за жените во државата, иако повеќе од 80 % од абортусите во Европа се изведуваат со лекови. Освен на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство, оваа здравствена услуга не може да се добие во другите болници и ординации од примарното здравство. Иако македонскиот закон за абортус е меѓу најдемократските во споредба со земјите на ЕУ, сепак здравственото осигурување не го покрива прекинот на бременоста, освен во случај на медицински индикации, а тоа особено ги засега сиромашните жени и Ромките.

## СЕОПФАТНО СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ (ССО)

Стапката на малолетнички породувања е 15,7 на 1 000, што е речиси трипати повеќе од просекот од 6 на 1 000 породувања за земјите од ЕУ. Само 14 % од младите користат некој вид модерна контрацепција. ССО не е интегрирано во постојните наставни содржини ниту, пак, како посебен предмет во формалното образование. Во 2021 година, со владина поддршка, за прв пат беше реализиран пилот-проект за ССО во три основни училишта. Иако во 2020 година државата ја усвои Концепцијата за основното образование во која покрај вклучување на родово сензитивните аспекти во наставните програми, се препознава и воведување на сексуалното образование како изборен предмет за 9-то одделение, сепак, не постои долгогодишна национална стратегија за институционално спроведување на ССО. Најголем предизвик за државата и натаму е недостигот на обучен наставен кадар што во иднина ќе спроведува настава за ССО.

## ХИВ

Северна Македонија со години успешно одржува ниска стапка на инфекција со ХИВ. Сепак, последните години бележиме пораст на инфекцијата со ХИВ кај геј мажите и мажите што имаат секс со мажи (МСМ): во периодот 2015 – 2019 година, околу 73 % од новите случаи се кај МСМ. Во 2022 година државното финансирање за превенција од ХИВ беше намалено за 40 %, со оправдување дека треба да се штеди за да се ублажат негативните ефекти од светската економска криза. Ова го загрозува здравјето на илјадници ранливи лица што ги користат услугите на граѓанските организации. Средствата што денес ги одвојува државата не се доволни за обезбедување ниту на минимален пакет услуги за справување со инфекцијата со ХИВ, што, секако, влијае на пристапноста до здравствените услуги, особено за геј и МСМ-заедницата, лицата што инјектираат дроги и сексуалните работнички. Недоволното финансирање може да доведе до повторно разгорување на епидемијата со ХИВ во земјата.

## РОДОВО ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВО (РЗН)

Родово заснованото и семејното насилство се меѓу најдлабоко вкоренетите социјални предизвици на патот кон остварување на правата на жените и постигнување сеопфатен општествен развој. Во 2020 година за 18 % е зголемено пријавувањето на семејно насилство во споредба со 2019 година, а 90 % од пријавените случаи се од страна на жени. Сервисите за заштита од насилство не се географски соодветно распределени низ државата и не се пристапни за жените со попреченост, зашто најголем дел од услугите се достапни само во поголемите градови – што е недоволно според стандардите на Советот за Европа дефинирани во Истанбулската конвенција за заштита на жените од насилство. Дополнително, во државните сервиси нема доволен број даватели на услуги ниту доволно обучен кадар за да може да се одговори на потребите на жртвите. Само 9 % од средствата што ги користат граѓанските здруженија за обезбедување советодавна поддршка и грижа се обезбедуваат од државните фондови, а процедурите за лиценцирање на сервисите се обременети со административни пречки и високи стандарди што се надвор од можностите на организациите. Згора на тоа, светската економска криза дополнително ги намали државните фондови за сервисите за заштита и поддршка од РЗН.

## АНТИФЕМИНИЗАМ

По најавата за пилотирање на ССО во основните училишта се засили влијанието на антифеминистичкото или антиродовото движење. Преку пласирање дезинформации и манипулација на јавноста за важноста на ССО, негирање на родовиот идентитет и делегитимирање на правото на абортус, социјалните мрежи се претворија во силен медиум за ширење говор на омраза, ксенофобија и расизам. Антифеминистичките наративи ја разнишаа и политичката волја за интегрирање на ССО во образовниот систем, како и за законско препознавање на родот – за што во 2019 година постоеше голема поддршка од владините институции. ХЕРА и неколку граѓански организации што работат на заштита на ЛГБТИ-правата станаа цел на секојдневни напади и на директни лични закани. Изминатата година дојде до окрупнување на овие групи во коалиција, којашто, под превезот на заштита на детските права, ја претставува т.н. родова идеологија како штетна за семејството како основна клетка на општеството. Главни предводници на антифеминистичкото движење покрај новоформирани граѓански организации, се и верски здруженија, коишто јавно го искажуваат своето нетрпение кон родовите прашања и јасните уставни одредби за еднаквост меѓу сите граѓани. Државата недоволно ги спроведува законите за санкционирање на говорот на омраза во дигиталниот и во физичкиот простор, а недостига и проактивен пристап на институциите во справувањето со овие појави.

## СОЦИЈАЛЕН И ЕКОНОМСКИ СТАТУС НА РОМКИТЕ

Ромките се секојдневно изложени на системска и интерсекциска дискриминација, а патријархалниот систем на вредности, ниското образование и раното стапување во брак ги прават економски зависни. Стапката на вработеност кај Ромките е само 8 %. Од друга страна, многу мал број невработени Ромки (2,6 %) се квалификуваат за користење на државните активни мерки за вработување бидејќи тие не се осмислени според нивните можности и степенот на образование. Ромките се често дискриминирани при изборот на матичен гинеколог и при остварување на социјалните и здравствените права во рамки на државните институции. Стигмата и предрасудите кај вработените во државните институции и понатаму се најчестите пречки поради кои Ромките не можат да добијат сеопфатна заштита и грижа од семејно и РЗН.

## ПРИСТАП ДО УСЛУГИ ЗА РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ

Ракот на грлото на матката е третата најчеста форма на малигно заболување во Северна Македонија и меѓу првите пет здравствени причини за смртност кај жените. Перинаталната смртност, пак, е два пати поголема од европскиот просек (14,8 на 1 000 раѓања). Просечната возраст на гинеколозите, како главни носители на грижата за репродуктивното здравје во здравствениот систем, е во загрижувачки пораст последните две децении, а тоа може сериозно да влијае на пристапот до овие услуги во иднина, особено во помалите градски средини и во руралните места. Во десет од вкупно 31 здравствен регион има недостиг од гинеколози. Иако семејните лекари се соодветно географски распоредени во земјата и имаат законски овластувања да даваат одредени превентивни услуги за репродуктивно здравје, сепак, овие услуги во практика не се нудат доволно. Недостигот на вештини, медицинска опрема и финансиски стимулации од државата се дополнителни причини за недоволното ангажирање на семејните лекари во грижата за репродуктивното здравје на жените.

## ДЕМОГРАФИЈА

Пописот на населението од 2021 година покажува дека само 18 % од населението се млади луѓе – што значи дека македонското население старее. Северна Македонија загубила 100 000 граѓани на возраст од 15 до 29 години во последните дваесет години: јасен е и трендот на заминување на младите од државата.

## ГЛОБАЛНА КРИЗА

Изминатите две години донесоа дополнителни социјално-економски предизвици што уште повеќе ги зголемија нееднаквостите и ја влошија положбата на ранливите групи граѓани. Здравствената криза со ковид-19, придружена од војната во Украина, глобалната енергетска криза и високата инфлација од речиси 15 % во 2022 година, сериозно се заканува да го уназади прогресот што државата го постигна на полето на родовата еднаквост во изминатите години. Овие паралелни кризи се реални закани со кои државата ќе треба поуспешно да се справува во иднина за да осигури општествена благосостојба за своите граѓани, а особено за социјално исклучените лица и жените како најзасегнати групи.

# СТРАТЕГИЈА 2023 ▸ ▸ ▸ 2028



- СИТЕ ЛУЃЕ ГИ УЖИВААТ СЕКСУАЛНИТЕ И РЕПРОДУКТИВНИТЕ ПРАВА СЛОБОДНО И ВО ОПШТЕСТВЕНА БЛАГОСОСТОЈБА.
- ГИ ПРЕДИЗВИКУВАМЕ ПАТРИЈАРХАЛНИТЕ НОРМИ ВО ОДБРАНА НА СЕКСУАЛНИТЕ И РЕПРОДУКТИВНИТЕ СЛОБОДИ.
- СЕ ЗАЛАГАМЕ ЗА СЕОПФАТНО СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ, РОДОВО ПРАВЕДНИ ПОЛИТИКИ И КВАЛИТЕТНИ УСЛУГИ.
- ЗА СИТЕ ОНИЕ ШТО НЕМААТ ЕДНАКОВ ПРИСТАП, ОБЕЗБЕДУВАМЕ НЕОПХОДНА ГРИЖА ЗА СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ И ЗАШТИТА ОД РОДОВО ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВО.




- во слободата на избор како право секој да може да одлучува за себе и да донесува сопствени одлуки за сексуалноста и репродуктивното здравје, без притисоци и вмешување на државата во приватниот живот.
- во феминизмот како идеологија во која секој поединец и без разлика на својот род има еднакви права и можности во општеството.
- во социјалната правда како концепт на праведност во кој секој ги ужива своите права и слободи без разлика на различните позиции на моќ на луѓето.
- во инклузивноста каде сите луѓе, без разлика на својот општествен статус, добиваат подеднакви можности и средства за социјален, здравствен и економски просперитет.
- во суштинска еднаквост како основен принцип на фундаменталните права според кој секое општество треба да се стреми да обезбеди еднакви резултати и правични услови за напредок на општествено исклучените и ранливите лица.
- во младинскиот активизам за да се создаде нова генерација млади луѓе кои веруваат во себе, во човековите права и во демократијата, кои ќе им помагаат на обеспправените и заедно со возрасните ќе придонесуваат кон промените во општеството.
- во солидарноста како основен принцип на здружена акција во која поединците делат слични вредности за да ги подобрат животите на луѓето и заедно да придонесат за поправедно општество.



| МЛАДИНСКО УЧЕСТВО | СЕКСУАЛНА И РЕПРОДУКТИВНА ГРИЖА | РОДОВО ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВО |
|---|---|---|
| Сеопфатно сексуално образование | Победнички наративи за репродуктивна слобода | Политики и закони |
| Партнерство со младите | Застапување – со заедниците и во институциите | Квалитетни услуги |
| Мобилизација и влијание | Современи и интегрирани услуги за ХИВ и СРЗ | Промена на општественото однесување |

# Младинско учество



**ГЛАВНА ЦЕЛ:**
Силни млади што се стремат кон унапредување на СРЗП и родовата еднаквост и се активни партнери во предизвикувањето општествени промени

Младите од генерациите ζ и α ја носат промената во секое општество. Досегашните пристапи за вклучување на младите во развојот на организацијата и во процесите на застапување покажуваат дека ни се потребни посовремени концепти. Во изминатите три години сведоци сме на одлевање на млади од активностите на ХЕРА. Ова, за жал, се отсликува и на национално ниво, каде според одредени истражувања дури две третини од младите се незадоволни од своето место во општеството. Затоа ни се потребни иновативни пристапи на мобилизација и влијание, за да обезбедиме поголема вклученост и да градиме посилно партнерство со младите. Иако направивме значајни први чекори за вклучување на сеопфатното сексуално образование во формалното образование, силите на антифеминистичкото движење стануваат вистинска закана за подривање на човековите права и родовата еднаквост. Затоа инвестирањето во нови пристапи и технологии со задолжително учество на младите ни се повеќе од потребни. Младите треба да бидат главните генератори на промените во организацијата и на општествениот прогрес.

| **СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ** | **Сеопфатно сексуално образование (ССО)** | **Партнерство со младите** | **Мобилизација и влијание** |
|---|---|---|---|
| | Поддршка на образовниот систем за вклучување на ССО во наставната програма | Градење внатрешни капацитети за користење креативни модели за вклучување млади и работа со нив | Креирање и промовирање победнички наративи за СРЗП и родова еднаквост меѓу младите |
| **ПРИОРИТЕТНИ АКЦИИ** | Проширување на неформално ССО кај различни групи млади, особено кај општествено исклучени групи | Интегрирање на современ пристап за создавање прогресивна младинска група од генерација ζ и α | Вклучување на инфлуенсери во промоција на победнички наративи и создавање младински активисти |
| | Подигнување на јавната свест и креирање општествена поддршка за ССО | Политичко омоќнување на младите | Организирање хакатони и челинџи меѓу младите |



## СЕОПФАТНО СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

Во соработка со образовните институции и младинските групи ќе создадеме платформа за поддршка која ќе се залага за усвојување и имплементација на национална стратегија за ССО во основните училишта како одговорност на државата за заштита на здравјето и добросостојбата на младите. Ќе се залагаме и ќе нудиме експертиза за континуирано подобрување на наставните програми и материјали кои ги препознаваат темите од ССО. За да изградиме компетентен образовен кадар за ССО како изборен предмет во основните училишта, ќе работиме на градење знаење и вештини кај наставниците и психолошко-педагошките служби. Преку инвестирање во врснички едукатори од различни етнички групи и од маргинализирани заедници, вклучително ЛГБТИ-млади и младите со попреченост, ќе го зголемиме опфатот на ССО. Ќе градиме сојузи со младински организации и неформални групи за да дојдеме до што повеќе млади. Со вклучување на професионални маркетиншки агенции, ќе организираме масовни стратегиски кампањи за подигнување на јавната свест за ССО, особено кај родителите, и за негова поддршка. Образовните институции активно ќе придонесуваат и ќе бидат наши партнери во јавната промоција за ССО.

### РЕЗУЛТАТИ

- ССО како изборен предмет во основното образование;
- Зголемен број млади опфатени со неформална ССО-едукација;
- Зголемен број млади опфатени со неформално ССО од албанската заедница и од ранливите групи, вклучително ЛГБТИ и млади со попреченост;
- Учениците од основните училишта го одбираат ССО како изборен предмет;
- Најголем дел од родителите се согласни нивните деца да го учат ССО како изборен предмет.

## ПАРТНЕРСТВО СО МЛАДИТЕ

Со надворешна експертиза ќе работиме на зајакнување на капацитетите на вработените, Управниот одбор, членовите и волонтерите за користење современи пристапи за работа со младите. Добрите практики кои постојат на глобално ниво за иновативно вклучување млади ќе ги интегрираме во нашите активности и ќе креираме Стратегија за младинско партнерство. Преку неформалното ССО и други форми на мобилизирање на младите ќе мобилизираме младински активисти од генерациите ζ и α. ХЕРА ќе создава поддржувачка и поттикнувачка средина за развој на младите и за нивно понатамошно дејствување на полето на младинското учество и одлучување. Ќе обезбедиме екопростор за континуирано политичко омоќнување на младите како младински активисти од генерацијата ζ и α, како и цврста основа за креирање критички мислења и спротивставување на штетните наративи од антидемократските движења.

### РЕЗУЛТАТИ

- Развиена стратегија за младинско партнерство;
- Создадена база од младински активисти од генерациите ζ и α што се наши партнери во спротивставување на антиродовите движења;
- Зголемен број вработени во организацијата од генерациите ζ и α на крајот од 2028 година.

## МОБИЛИЗАЦИЈА И ВЛИЈАНИЕ

Ќе го јакнеме креативниот процес и ќе обезбедуваме слободен простор за младите што преку иновативни пристапи формулираат победнички наративи за да ги промовираме вредностите на демократијата, феминизмот и еднаквоста. Преку стратегиската соработка со избрани инфлуенсери што ќе ги промовираат победничките наративи, ќе се поддржува процесот на мобилизација на младинските активисти. Со организирање хакатони и челинџи од страна на младинските активисти ќе обезбедуваме креативен простор преку кој младите ќе продуцираат пораки за да се одговори на предизвиците со кои се соочува ССО, но и за подобро разјаснување на вредностите на организацијата. Во соработка со културните работници ќе настојуваме да се зголеми медиумската писменост кај младите. Ќе работиме на развивање културни и уметнички содржини (колумни, поезија, музика, изложби) што придонесуваат за промоција на ССО и на младинскиот активизам.

### РЕЗУЛТАТИ

- Креирани и јавно пласирани победнички наративи за секоја од темите за ССО што комуницираат со јазикот на младите;
- Зголемена видливост на ХЕРА во медиумите како резултат на соработката со инфлуенсери;
- Создадените пораки од хакатоните и челинџите се користат во стратегиската комуникација со јавноста и при застапувањето;
- Креирани културни содржини за промоција на ССО и младинскиот активизам.

# Сексуална и репродуктивна грижа



**ГЛАВНА ЦЕЛ:**
**Младите, жените и граѓаните што живеат на маргините се свесни за своите сексуални права, имаат пристап до безбедни услуги и ги уживаат придобивките од прогресивните политики за СРЗП**

Во последната деценија се забележува тренд на регресија на демократските придобивки со засилување на антиродовите ставови, меѓу другото, и со зајакнување на патријархалната матрица. Три четвртини од граѓаните не го оправдуваат абортусот како стекнато човеково право во нашето општество, а за големо мнозинство граѓани (80 %), лицата од ЛГБТИ-заедницата или лицата што живеат со ХИВ не се општествено прифатливи во заедниците во кои живеат. Поради засилениот тренд на лажните вести и дезинформации за сексуалноста и говорот на омраза против организацијата, во прашање се доведени интегритетот, угледот и безбедноста на ХЕРА и на нејзините членови. Ова дополнително создава клима во која се рушат демократските вредности и се оспоруваат сексуалните и репродуктивните права и слободи, а жените, девојките и општествено исклучените лица во такви околности се најмногу погодени. Зајакнати институции, граѓани и граѓанки, медиуми и прогресивни политики за сексуално и репродуктивно здравје и права се повеќе од потребни за унапредување на родовата еднаквост. Во синергија со сите продемократски чинители може да се влијае на менувањето на штетните наративи против сексуалноста и родовата еднаквост и да се создава клима за почитување и заштита на правата и слободите на сите луѓе, особено на жените и граѓаните што поради својата сексуална ориентација или родов идентитет живеат на маргините на општеството.

| **СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ** | **Победнички наративи за репродуктивна слобода** | **Застапување** | **Современи и интегрирани услуги за хив и СРЗ** |
|---|---|---|---|
| | Работа со медиуми | Буџетско застапување за услуги и лекови за СРЗ и ХИВ | Градење капацитети на здравствените и социјалните работници |
| **ПРИОРИТЕТНИ АКЦИИ** | Соработка и партнерство со национални чинители и со активисти на локално ниво (Grassroots активизам) | Експертиза во подготовка на политики за СРЗП кои се засновани на докази и човекови права, нивно следење и евалуација | Давање услуги на млади и општествено ранливи групи |
| | Градење доверба со жените и девојките од заедниците | | |



## ПОБЕДНИЧКИ НАРАТИВИ ЗА РЕПРОДУКТИВНА СЛОБОДА

Во соработка со медиумите создаваме јадро на влијателни поддржувачи на репродуктивните права и родовата еднаквост. Разбирајќи ги подобро штетните влијанија на антиродовите движења, ќе работиме сплотено на разбивање на шовинистичките наративи и зголемување на свесноста за правото на абортус и контрацепција. Партнерството ќе го надградуваме преку идентификување нови и вмрежување со постојните сили што ги споделуваат вредностите на демократското општество. Дејствуваме проактивно во одбрана на стекнатите репродуктивни слободи и силно им се спротивставуваме на регресивните движења. Соработуваме и се потпираме на поединци од здравствените и социјалните институции, стручната јавност, партнерските организации и меѓународните институции што можат да влијаат и да ни помагаат во понатамошниот стремеж за заштита на СРЗП. Жените и девојките, особено од руралните средини и од различни етнички заедници, како и општествено исклучените што ги споделуваат нашите вредности, ќе бидат основна поддршка и сила за дејствување во локалните заедници. Градејќи ја меѓусебната доверба, ги вклучуваме во промоција на правото на безбеден абортус, медикаментозниот абортус, како и на методите на современа контрацепција преку различни комуникациски пристапи и продукти.

### РЕЗУЛТАТИ

- Зајакнато партнерство со традиционалните и новите медиуми за проактивно залагање, промоција и одбрана на репродуктивните права;
- Партнерските организации користат наративи што ги одразуваат демократските вредности и ја заштитуваат репродуктивната слобода;
- Зголемена присутност на терен за работа со жени и девојки, особено од рурални средини и од различни етнички заедници.

## ЗАСТАПУВАЊЕ

Во партнерство со здравствените институции и фармацевтските компании ќе обезбедиме достапни лекови за медикаментозен абортус и современа контрацепција на Позитивната листа на лекови. Ќе учествуваме во подготовка и следење на јавно-здравствените програми за СРЗ и ќе бараме нивно ефикасно спроведување. Ќе се застапуваме и пред релевантните меѓународни тела за човекови права заради подобрување на националните политики и закони. Со професионалните здруженија активно ќе соработуваме и ќе даваме експертиза во подготовка на стратегиски документи за да се подобри пристапот до услуги за безбеден абортус, контрацепција, антенатална грижа и превенција на инфертилноста. Во соработка со здруженијата, организациите од заедниците и стручната фела ќе се залагаме пред министерствата и Собранието за донесување закони и одржливи буџети за ХИВ и СРЗ темелени на релевантни научни сознанија. Ќе придонесеме кон подобрување на вештините на здравствените работници за да обезбедуваат поквалитетни услуги, што оди рака под рака и со нивна сензибилизација за работа со ранливите групи, особено со Ромите, ЛГБТИ-луѓето, сексуалните работнички и лицата со попреченост.

### РЕЗУЛТАТИ

- Лековите за медикаментозен абортус се достапни, вклучително и во примарното здравство;
- Најмалку две современи контрацептивни средства се наоѓаат на Позитивната листа на лекови;
- Постои функционална државна програма и буџет за ХИВ за маргинализираните заедници;
- Усвоени нови национални политики и протоколи за услуги за ХИВ и СРЗ на наша иницијатива и со наше учество и експертиза;
- Обучени даватели на услуги со нови вештини за ХИВ и грижа за СРЗ.

## СОВРЕМЕНИ И ИНТЕГРИРАНИ УСЛУГИ ЗА ХИВ И СРЗ

Како организација што е препознаена во јавноста по своите сервиси, и со новата стратегија ХЕРА ќе продолжи да обезбедува услуги за ХИВ и СРЗ. Намаленото државно финансирање останува голем предизвик за ХЕРА. Но преку воспоставување нови модели на работа, вклучително и со поголема дигитализација на сервисите, ќе направиме сè за да се надминат буџетските празнини. Крајната цел е услугите да бидат исплатливи, одржливи и прифатливи за заедниците што се ранливи и на маргините, вклучително и за младите. Кога се сервисите во прашање, во фокус ќе ни биде и воведувањето современи пристапи за превенција како теле-медицина, биомедицинска превенција и самогрижа. Преку дополнителни анализи и истражувања ќе направиме приспособување на услугите кон потребите на трансродовите луѓе. Пристапот до корисниците и непосредниот контакт со нив ни е најважен. Затоа ќе ја зајакнеме и ќе ја обновиме мрежата на теренски работници од маргинализираните заедници. Промоцијата на новите пристапи до самотестирање за ХИВ кај ЛГБТИ и сексуални работнички, вклучително и преку интернет, ќе биде во фокус на работата на сервисите. За маргинализираните заедници, вклучително и за Ромите, ќе обезбедиме посеопфатна заштита за СРЗ преку проширување на пакетот на медицински анализи, тестирање за СПИ и други услуги.

### РЕЗУЛТАТИ

- Интегрирани нови модели и пристапи на работа со целните групи што гарантираат континуитет и достапност на услугите за ХИВ и СРЗ;
- 80 % од корисниците на сервисите се од ранливите и општествено исклучените групи;
- Зголемен број услуги за трансродовите лица во сервисите.

# Родово засновано насилство



**ГЛАВНА ЦЕЛ:**
Промоција и одбрана на феминизмот како прифатена и практикувана општествена вредност при заштита и спречување на насилство

Насилството е сеприсутен социјален феномен во нашето општество. Иако најчесто жртви се жените и децата, а сторители мажите, и натаму недоволно се препознава и уважува тоа како родовите улоги и стереотипи придонесуваат насилството да се случува. Уште помалку се препознаваат разните форми во кои насилството се појавува, иако во последните години сè почесто се зборува за врсничко и сексуално насилство што се случува како во дигиталниот простор така и во офлајн светот, а особено во образовните институции. Потенцијалот на наставниот и стручниот кадар останува недоволно развиен и искористен во справувањето со насилството, вклучително и во преиспитувањето на патријархалните норми заради нивна замена со феминистичките вредности. Општата перцепција дека жртвата е виновна за насилството и фактот за недоследното санкционирање на сторителите на насилство од страна на институциите се главните причини поради кои жртвите ретко го пријавуваат насилството. Со тоа им се разнишува довербата во системот, а им се засилува чувството дека се оставени сами на себе. Оттука, клучно е да се подигне свеста дека насилството им штети на сите: од една страна, на девојчињата и жените, а особено на оние што живеат со попреченост (три до четири пати поизложени на насилство) и во руралните средини каде што родовите стереотипи се најсилни и, од друга страна, на момчињата и мажите коишто растат и се идентификуваат со доминантните примери за токсична машкост во општеството.

| **СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ** | **Политики и закони** | **Квалитетни услуги** | **Промена на општественото однесување** |
|---|---|---|---|
| | Работа со национални чинители | Одржливост и квалитетна грижа на корисниците во Првиот семеен центар | Медиумски кампањи |
| **ПРИОРИТЕТНИ АКЦИИ** | Собирање докази и креирање решенија | Застапување за доследна имплементација на Истанбулската конвенција за заштита на жените од насилство и РЗН | Работа со млади, родители и училишта |
| | | Градење капацитети на стручниот кадар | Омоќување на жени и девојки од руралните средини |



## ПОЛИТИКИ И ЗАКОНИ

Континуирано ќе идентификуваме сојузници од граѓанскиот сектор, државните институции и експертите за унапредување на политиките и законите за РЗН како и за заштита на стекнатите права во постојните закони. Ќе иницираме и ќе учествуваме во заеднички акции за подготовка на подобри политики за РЗН во образовниот, социјалниот и здравствениот сектор. Ќе го следиме напредокот на земјата во пристапувањето кон ЕУ заради хармонизација на нашите легислативи и практики со европското законодавство. Преку извештаите во сенка ќе бараме доследно спроведување на меѓународните конвенции за човекови права, особено на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (ЦЕДАВ). Во соработка со стручни организации, ќе иницираме правно застапување за стратегиски случаи за РЗН. Преку подготовка на документи за јавни политики ќе нудиме креативни решенија за подобрување на заштитата, превенцијата, законите и сервисите за РЗН. Ќе го следиме спроведувањето на националните политики и планови за унапредување на законите и политиките за РЗН во областа на здравството, социјалната заштита и образованието. ХЕРА ќе им понуди експертиза на државните институции и активно ќе придонесува во сите тела што работат на нова законска регулатива, но и во следењето на нивната работа.

### РЕЗУЛТАТИ

- Вклученост во национални тела и процеси за изработка и следење на закони и политики;
- Подобрени внатрешни ресурси и податоци за ефикасно следење на политиките и на практиките.

## КВАЛИТЕТНИ УСЛУГИ

Обезбедувањето на финансиска стабилност на Првиот семеен центар (ПСЦ) е од суштинска важност за ХЕРА. Заради обезбедување одржливост, ќе правиме анализи за креирање модел на услуги што е исплатлив и соодветен на потребите на корисниците. Ќе ги подобриме стандардите на работа и ќе ги надградуваме капацитетите на персоналот во ПСЦ и во младинските центри каде ни се обраќаат жртвите на насилство. Ќе работиме на подобрување на нашите капацитети за давање услуги за советување и поддршка на мажи во криза (татковци, момчиња, геј и бисексуални луѓе итн.). Ќе се залагаме да се обезбедуваат подобри социјални услуги од страна на граѓанските организации преку промена на подзаконските акти за квалитетот, цената, стандардизирањето на услугите и поедноставување на административните процедури за регистрација. Континуирано ќе бараме поголема заложба од Владата и општините за финансирање на сервисите за РЗН. Ќе се залагаме за отворање нови сервиси според стандардите на Истанбулската конвенција за да се прошири опфатот со услуги во поголем број на региони во земјата. Ќе ги подобруваме вештините на давателите на услуги од социјалниот и од здравствениот сектор за обезбедување поквалитетни услуги. Во соработка со професионалните здруженија, ќе работиме на воспоставување и унапредување на модулите за едукација и на процедурите за работа со жртви и сторители на РЗН, вклучително и од аспект на попреченоста.

### РЕЗУЛТАТИ

- Зголемен број на услугите за заштита од РЗН во ПСЦ на годишно ниво;
- Зајакнати капацитети на социјални, здравствени и просветни работници за справување со РЗН;
- Вклученост во градење локални капацитети за отворање нови советувалишта и услуги.

## ПРОМЕНА НА ОПШТЕСТВЕНОТО ОДНЕСУВАЊЕ

Спроведуваме обуки за медиумските работници заради сензитивно известување за политиките и штетните практики поврзани со РЗН. Ќе идентификуваме медиуми со кои континуирано ќе работиме на јакнење на капацитетите и на размена на информации. Ќе поддржуваме спроведување истражувачки стории за да се креира активно новинарство што ја следи темата, соодветно известува и бара отчетност. Организираме кампањи преку влијателни поддржувачи и во разни етнички средини. Ќе развиваме нови комуникациски канали за подигнување на свеста. Ќе ја интензивираме соработката со образовните институции за развивање модули за едукација на образовниот кадар. Преку работа со момчиња и девојчиња во мали групи на локално ниво и преку едукација на родителите ќе ги отвораме прашањата за родовите стереотипи и за еднаквоста и ќе поттикнуваме феминистички активизам што ќе го предводат момчиња и мажи. Ќе го менуваме наративот за насилство преку промоција на грижлива машкост во градинките и ќе развиваме модули за превенција од насилството меѓу воспитно-образовниот кадар. Ќе се вмрежуваме со локални женски и рурални организации во заедницата, организации што работат на попреченост за промоција на феминизмот, родовата еднаквост и рамноправност. Преку различни пристапи на едукација, вклучително и креирање културни содржини и активности, ќе промовираме култура на ненасилство и грижа.

### РЕЗУЛТАТИ

- Подобра соработка со новинари и инфлуенсери за медиумско справување со штетните наративи за РЗН;
- Вклученост во процесите на креирање национални политики за заштита од РЗН во образованието;
- Развиени програми за работа со момчиња и со родители;
- Зголемен опфат на жени и девојки од руралните средини што се едуцирани и свесни за разните форми на насилство и штетните родови стереотипи.

„На секоја страна на светот гледаме уназадување на тешко остварените победи и ерозија на репродуктивните права и правото на избор, но и на можностите за жените. Со почетокот на пандемиската криза, ресурсите за услугите за сексуално и репродуктивно здравје беа пренасочени за други цели. Овие недостатоци во пристапот до здравствените права за жените се неприфатливи. Жените не смеат да бидат оставени сами во оваа борба.“

Антонио Гутереш,
генерален секретар на
Обединетите нации

